**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04-206/13
Скопје: 28.12.2022

Врз основа на член 29 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата ( „Службен весник на РМ„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а во врска со **член 11**, член 52 став (1), став (2), став (3) и став (5) од Закониот за административни службеници („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16,11/18 и „Службен весник на РСМ„ бр14/20), генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, донесе

**О Д Л У К А**

**за неизбор на кандидат за унапредување по интерен оглас број 01/2022**

1. Во врска со интерниот оглас број 01/2022 година за унапредување на еден административен службеник во Комисијата за заштита на конкуренцијата за работно место УПР0101В01000 Советник за Оценка на концентрациите и подготвување предлог одлуки во однос на концентрации, Одделение за оценка на концентрации, Сектор за анализа и оценка на концетрации, не се врши избор на кандидат за унапредување.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Во основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии број 08-10453/2 од 08.11.2022 година, генералниот секретар упати барање до административниот службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси за започнување на постапка за унапредување број 04-206/1 од 23.11.2022 година

Интерниот оглас 01/2022 со архивски број 04-206/3 од 24.11.2021 година за унапредување на еден административен службеник во Комисијата за заштита на конкуренцијата е објавен на ден 15.12.2022 година на интернет страницата на Комисијата и на интернет страницата на Агенција за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, генералниот секретар формира Комисија за селекција за унапредување со решение број 04-206/10 од година,

Во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата на 27.12.2022 во осум часот е спроведена административна селекција и за истата е изготвен Записник од административна селекција со ахивски број број 04-206/12 од 27.12.2022 година, со список на уредни и неуредни кандидати за работното место Советник за Оценка на концентрациите и подготвување предлог одлуки во однос на концентрации, Одделение за оценка на концентрации, Сектор за анализа и оценка на концетрации,

Во записникот е констатирано дека на огласот е пријавен еден кандидат со неуредна документација, како причина за неуредност е наведено дека се доставени уверенија од различни научни подрачја според Фраскатиевата класификација.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уверението за прв циклус на студии со кое се стекнал со стручен назив дипломиран економист во насока на Финансиско-банкарски менаџмент и стекнати 180 кредити- ЕКТС, според Фраскатиевата класификација припаѓа во групата на Оргнизациони науки и управување, а уверението за втор циклус на студии со кое се стекнал со стручен назив магистер по економски науки и стекнати 120 кредити-ЕКТС, според наведената класификација припаѓа во групата на Економски науки.

Според член 25 став (1) и став (2 ) од Законот за административни службеници во делот на стручните квалификации за нивото В1-стручно административен службеник од прво ниво-советник, потребни се најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

Врз основа на горе наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од (8) осум дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно од денот на приемот на Одлуката.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Генерален секретар**
**Розана Ванковска**

**Доставено до:**

**-Избраниот кандидат**
**-Административен службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси**
**-Архива**